# ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА

# П М Б Е



од 1957

БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ

www.bim.com.mk

# П М Б Е

## ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА

CE
EN 13808



## ОПИС, СВОЈСТВА И ВИДОВИ

**Што е битуменска емулзија?**

Битуменска емулзија е емулгиран течен битумен добиен со мешање на битумен и воден раствор на емулгатор. Смесата е хомогена, со конзистентност и има добри лепливи својства. Основната боја е кафеава, а нијансите можат да се движат од светла до темна. Нискиот вискозитет на емулзиите овозможува обработка на камени материјали без греење, а со тоа нивото на емисии на штетни материи во атмосферата е значително помало во споредба со употребата на топол битумен.

**Видови на битуменски емулзии**

Во зависност од тоа каков емулгатор се користи во процесот на производство на битуменска емулзија, истата може да биде:
• **Катјонска битуменска емулзија** - **К** (со катјонски честички кои се позитивно наелектризирани)
• **Анјонска битуменска емулзија** - **Е** (со анјонски честички кои се негативно наелектризирани)

Според индексот на распаѓање битуменските емулзии можат да се поделат на:
• Брзо распадлива или **нестабилна** (**Н**);
• Средно распадлива или **полустабилна** (**П**);
• Бавно распадлива или **стабилна** (**С**)

Битуменските емулзии се означуваат со кратенки во името како на пример:
**КН-60**, (**К** за катјонска, **Н** за нестабилна, **60** за процент на битумен во битуменска емулзија)
**ЕН-40**, (**Е** за анјонска, **Н** за нестабилна, **40** за процент на битумен во битуменска емулзија)

**БИМ а.д. Свети Николе** произведува:
Катјонски битуменски емулзии: **КН-40**, **Битулит КН-50**, **КН-55**, **КН-60**, **КН-65**, **КП-55**, **КП-60**, **КС-60**, **КС-65**.
Анјонски битуменски емулзии: **ЕН-40**, **ЕН-56**, **ЕН-60**, **ЕС-60**, **АПР-56**.

## ПРИМЕНА

Битуменската емулзијата се користи за изградба на патишта, како и при нивното одржување и поправки.

• Поврзување на слоеви во изградба на патишта,

• За мешање на агрегатот за подготовка на ладни асфалтни мешавини,

• Како микроповршински слој за заштита и регенерација на асфалтни површини,

• При хидроизолација и сл.

## НАЧИН НА ВГРАДУВАЊЕ

Битуменската емулзија се складира во:

1 лимени буриња

3 авто-цистерни.



1.

Нанесувањето на битуменската емулзија се врши по ладна постапка над температура од 5°C.



2.

2 Со рачни прскалки



3.

3 Камиони/ цистерни со прскалки (bitumen sprayers)

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА **ПМБЕ** ?

**ПМБЕ** е емулзија од битумен во вода, која е модифицирана со полимери (најчесто SBS, SBR или латекс), со цел да се подобрат нејзините физичко-механички својства. Претставуваат специјална класа на битуменски емулзии кои се разликуваат од класичните катјонски и анјонски (немодифицирани) емулзии во однос на подобрите перформанси и се сметаат за високо квалитетни врзувачи во изградбата на патишта, особено за оние со високо сообраќајно оптеретување.

## ПРЕДНОСТИ НА **ПМБЕ**

Полимерно-модифицираните битуменски емулзии ПМБЕ во однос на класичните битуменски емулзии имаат повисоки перформанси подобрени механички и функционални својства благодарение на присуството на полимери како SBS или латекс.

- **Подобрена еластичност и флексибилност**,
- **Поголема отпорност на вода и атмосферски влијанија**,
- **Подобра адхезија со агрегатот**,
- **Подолгорочна економичност**

## КАДЕ СЕ КОРИСТИ **ПМБЕ** ?

Полимерната битуменска емулзија има широка примена во изградба и одржување на модерната патна инфраструктура, посебно кај онаа со високо сообраќајно оптеретување како:

**автопатишта,**
**авионски писти,**
**градски сообраќајници** и сл.

ПМБЕ најчесто се применува :



Како сврзувачки слој помеѓу слоевите во патната конструкција каде што асфалтните мешавини се произведени со ПмБ (полимер-модифициран битумен)



Како врзивно средство кое се меша со ситниот агрегат кај микроасфалти или micro surfacing



Како површински слој за залевање на микро-пукнатини за регенерација на асфалтот.



Како врзувачко средство за изработка на ладни асфалтни мешавини

**БИМ а.д.** ПРОИЗВЕДУВА
ПОЛИМЕР-МОДИФИЦИРАНА
КАТЈОНСКА НЕСТАБИЛНА
БИТУМЕНСКА ЕМУЛЗИЈА

**ПмБ КН-50**
**ПмБ КН-60**
**ПмБ КН-65**

CE
според **EN 13808**



ФАБРИКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА
БИТУМЕНСКИ ИЗОЛАЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ

**БИМ а.д. Свети Николе**
Железничка 164, 2220 Свети Николе, Македонија
+389 32 455 177; 455 377

**ПРЕТСТАВНИШТВО СКОПЈЕ**
Максим Горки 25, лок. 1, 1000 Скопје
+389 2 3227 908

bim@t.mk www.bim.com.mk Бим Ад Свети Николе @bimsveti nikole